Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 83 2 јули 2012 година

јули 2012 година

Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област производно машинство, технологии и системи на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област организација на здравствена служба на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 45

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по хотелиерство” од д-р Нако Ташков и д-р Дејан Методијески од Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Претклиничка кариологија“ од насл. доц. д-р Лидија Поповска, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 52

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Профилакса на орални болести“ од доц. д-р Цена Димова, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 55

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 58

**ПРИГОВОР** од Владимир Арсов ........ 59

**ОДГОВОР** на Приговор од Владимир Арсов ........ 60

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТА „ПРОФИЛАКСА НА ОРАЛНИ БОЛЕТИ“ ОД ДОЦ. Д-Р ЦЕНА ДИМОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, СТОМАТОЛОГИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, како и Одлука бр. 2502-112/46 од 66. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки при УГД - Штип, одржана на 8 март 2012 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

– доц. д-р Ивона Ковачевска, доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, специјалист по болести на забите и ендодонтот
– доц. д-р Стипица Поповски, доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, специјалист ортодонт,

за резензија на приложениот ракопис „Профилакса на орални болести” од **доц. д-р Цена Димова**, наменет за скрипта за студентите од прв циклус на додипломска настава и тоа на Студиската програма по општа стоматологија на Факултетот за медицински науки.

По извршениот преглед на ракописот, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Општи податоци за ракописот***

Ракописот „Профилакса на орални болести” од доц. д-р Цена Димова е концепиран и пишуван според Наставниот план и програма на предметот Профилакса на орални болести, кој се изучува на студиите од првиот циклус на додипломска настава на Студиската програма по стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, во четвртиот семестар, како изборен предмет со 2+0+1 неделен фонд на часови и 4 кредити.

Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

***Податоци за обемот на ракописот***

Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање на привремено учебно помагало во вид на скрипта по истоимениот предмет Профилакса на орални болести е претставен во текст од вкупно 114 страници. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Ariel и со големина на буквите 12. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

***Податоци за постоење на ист или сличен наслов***

Ракописот за скриптата е резултат на опсежно пребарување на обемната стручно-научна литература на домашните и светските простори. Постоечката литература на нашите простори, која во својата содржина ја опфаќа профилаксата на најчестите орални болести (кариес, пародонтопатија, болести на меките ткива), како и профилаксата на оралниот карцином, како и на ортодонтските аномалии нема. Постојат учебници како: Орално здравје, Орална хигиена и Превентивна стоматологија кои делумно и во одделни тематски единици одговарат на програмата по предметот Профилакса на орални болести, но не целосно според наставна содржина.

Предметот Профилакса на орални болести според програмскиот концепт опфаќа многу поширока и подетална содржина на поставените тематски единици кои се во врска со профилактичките мерки и постапки кои се со цел за превенција и профилакса на орални заболувања.

Доц. д-р Цена Димова на јасен и едноставен начин, со разбирлив стил на ракописот сублимирано ја претставува материјата што се изучува во овој предмет кој припаѓа на превентивната стоматолошка област. Од особена важност е да се потенцира специфичниот пристап кон содржините со цел да се прикаже и потенцира практичното значење на современите сознанија, со кое што се потврдува темелниот пристап во подготовката на ракописот.

***Краток опис на содржината***

Ракописот е напишана на лесен и разбирлив јазик. Материјата е конципирана во два дела, општ и специјален дел. Општиот дел има три поглавја, а вториот, специјален дел има осум поглавја.

На детален начин и со темелен пристап во трите поглавјата од општиот дел се опишани содржини кои се од општа важност за профилаксата на оралните болести. Имено, во првото поглавје Програмска стоматолошка заштита се потенцира партиципацијата на стоматолошката заштита на оралното здравје како дел од општата програма за здравствената заштита. Во второто поглавје Унапредување на оралното здравје се зборува за промоција на оралното здравје, здравственото воспитување и за нераскинливиот дел на оралното здравје од целокупното телесното здравје. Третото поглавје, Исхрана и профилакса на орални болести содржи теми кои се од особена важност за исхраната во функција на профилакса на можни орални заболувања (кариес, пародонтопатија, орален карцином).

Во поглавјата од специјалниот дел систематично се прикажува материјата распределена во следниве поглавја:

Во првото поглавје Заштитни биомеханизми на усната шуплина се опишува оралната хомеостаза која претставува заедничко и складно дејство која е одржувана од мукозата и забите, со незаменливото дејство на плунката.

Во второто поглавје од специјалниот дел на детален начин се опишува етиопатогенезата на оралните заболувања: заболувања на тврдите забни ткива - кариес, етиолопатогенеза на губењето на тврдите забни ткива (ерозии, абразии и атриции), етиологија на повредите на забите и околните структури, етиопатогенеза на заболувања на пародонциумот и меките ткива на усната празнина, имуноповрзани оралномукозни заболувања и етиологија на оралниот карцином.

Во третото поглавје се зборува за примена, средства, методи и техники на оралната хигиена, додека во четвртото поглавје се опшани профилактичките мерки во превенција на орални болести, заливање на фисури и примена на хемиопрофилакса во превенцијата на оралните болести. Петтото поглавје содржи теми од современите методи за дијагностицирање на постоење на можен ризик за појава на оралните заболувања.

Шестото поглавје од специјалниот дел се однесува на општи поими на интерцептивната и превентивна ортопедија на заби и вилици. Седмото поглавје ги содржи основни поими од типови епидемиолошки истражувања на заболувањата на устата и забите (план на истражувањето, мерење на фреквенцијата на заболувањата на уста и заби и др.). Осмото поглавје ги опишува можните стратегии за превенција и профилакса на орални болести (конвенционална, современа и специфична стратегија).

Приложениот ракопис за скрипта „Профилакса на орални болести" од доц. д-р Цена Димова претставува рационално и систематично структуиран и сублимиран материјал на една поширока тема, која на студентите на многу едноставен начин ќе им ги претстави основните знаења од област на профилаксата и превенцијата на оралните болести.

Цитирана е литература од европското и балканското подрачје.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата го предложува следниов

### З А К Л У Ч О К

Ракописот за учебното помагало скрипта „Профилакса на орални болести" од доц. д-р Цена Димова опфаќа одбрани поглавја за профилаксата на најчестите, како и поретките орални заболувања адаптирани според Наставната програма и содржина на истоимениот предмет Профилакса на орални болести, за студентите на првиот циклус студии на студиите по стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Со издавањето на овој ракопис, студентите на Стоматологија ќе имаат можност да ги изучуваат ургентните состојби во стоматолошката секојдневна пракса на македонски јазик.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебно помагало и условите за издавање, пропишани според Правилникот за единствените основни за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет ракописот „Профилакса на орални болести" од доц. д-р Цена Димова да биде издаден како учебно помагало – скрипта за студентите по стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Ивона Ковачевска,**
**доцент на Факултет за медицински науки**
**при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип,**
**специјалист по болести на забите и ендодонтот, с.р.**

**Доц. д-р Стипица Поповски,**
**доцент на Факултет за медицински науки**
**при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип,**
**специјалист ортодонт, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Ред. број | Единица на Универзитетот<br>Наслов на тема | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|
| **Факултет за медицински науки<br>Специјалистички трудови** | | | |
| 1 | Епидемиолошки карактеристики на бруцелозата во Општина Велес и околните населени места од 2001 до 2011 година | Проф. д-р Ѓорѓи Шуманов | Јадранка Таневска |
| 2 | Рехабилитација на пациенти со цервикобрахијален синдром | Виш. пред. м-р Ленче Николовска | Лидија Тренчевска |
| 3 | Деформитети на стапалата кај децата во основно и во средно образование на територијата на Општина Куманово | Нас. доц. д-р Зоран Ханџиски | Наташа Гацова |
| 4 | Движењето на паротитот во Општина Неготино - во периодот 2001-2010 година | Проф. д-р Ѓорѓи Шуманов | Весна Бекчева |
| 5 | Примена на кинезитерапија при постоперативна рехабилитација на преден вкрстен лигамент | Нас. доц. д-р Зоран Ханџиски | Горан Китановски |
| 6 | Рехабилитација кај кифози и лордози | Виш. пред. м-р Ленче Николовска | Дарко Додиќ |
| 7 | Примена на молекуларно-биолошките техники во утврдување на генетската предиспозиција за Diabetes mellitus | Доц. д-р Невенка Величкова | Добрила Паскова |
| 8 | Влијанието на кинеската традиционална медицина за лекување на болки во грбот | Виш. пред. м-р Ленче Николовска | Мики Крстев |
| 9 | Вакцинација против вирусен хепатит Б спроведена во Општина Неготино - во периодот 2001-2010 година | Проф. д-р Ѓорѓи Шуманов | Татјана Ризова |
| 10 | „WUNDELYCH SINDROM-Ехосонографски и КТ карактеристики – приказ на случај, улога на медицинската сестра во подготовка, третман, нега на пациент и негово лекување | Доц. д-р Гордана Панова | Фросина Петровска |
| 11 | Современ третман на пациенти со хроничен хепатит Ц | Проф. д-р Љубомир Ивановски | Биљана Стојанова |
| 12 | Деформитети на ‘рбетен столб кај децата во основното и во средното образование на територијата на Општина Куманово | Нас. доц. д-р Зоран Ханџиски | Викторија Соларска |
| **Факултет за природни и технички науки<br>Магистерски трудови** | | | |
| 1 | Имплементација на стандардот за управување со квалитет ISO 9001 во здравствениот сектор во Р.Македонија | Проф. д-р Зоран Десподов | Софија Петковска |
| 2 | Техно-економска анализа за селективна галенитна и сфалеритна флотација во рудникот „Саса“ во зависност на односот на влезни нормативи и квалитативно-квантитативни параметри во процесите | Проф. д-р Борис Крстев | Зоран Вучковски |
| **Факултет за образовни науки** | | | |
| 1 | Децентрализација на локалната самоуправа и местото и улогата на градоначалникот во организацијата и раководењето со основните ушилишта | Проф. д-р Владо Петровски | Благица Ласовска |